тичка самоуправна Југославија на меѓународен план. Во насловот се зборува и за односите на Југославија со другите земји не би можело воопшто да се нагаѓа. Затоа што, како што вели авторот, таа многу скапо ја платила својата независност и дека таа е исклучително од неа зависи. Овде е дадено и толкување на поимот „еврокомунизам" како решеност на некои комунистички партии во западноевропските земји да ја градат визијата на социјализмот во согласност со постојните национални услови во земјите на развиениот капитализам.

За активноста на СКЈ и неговиот придонес во развојот на рамноправни односи во современиот свет, како во текот на целиот повоен период така и во текот на последните години се зборува во насловот „Револуционерните сили се борат за афирмација на сопствениот идентитет".

Претпоследниот наслов „Националното и интернационалното" му е посветен на едно од најсложените прашања во односот меѓу националното и интернационалното во системот и структурата на односите меѓу работничката класа на одделни народи, меѓу одделни комунистички и работнички партии.

Во последниот наслов „Сојузот на комунистите на Југославија во борбата за развој на социјализмот во светот" меѓу другото се зборува за соработката и дијалогот кој го остварува СКЈ со сите комунистички, работнички, социјалистички, социјалдемократски, со сите прогресивни партии и движења на неврзаните земји и со другите демократски политички сили во светот. Истакнато е дека СКЈ во својата соработка со погореспоменатите партии и движења, не прави разлика меѓу нив според нивната големина, влијание или идејно-политичка ориентација, цврсто придржувајќи се кон востановените принципи за соработка и кон неприкосновеното право на секоја партија да го избере патот на борбата за социјализам и за развој на социјализмот.

На крајот може да се каже дека овој труд претставува доста значаен придонес во проучувањето на состојбите во кои се наоѓа денес работничкото движење.

Кочо СИДОВСКИ

**Христо АНДОНОВ ПОЛЈАНСКИ, Илинден 1903, ед. Незаборавник, Комунист, Скопје 1983, 39.**

Во издание на Комунист, во едицијата Незаборавник, се појави публикацијата за Илинденското востание по повод 80—годишниот јубилеј, што ја подготви Христо Андонов Полјански.

Во почетокот на публикацијата, под наслов: Тито за Илинден и за вековната борба на македонскиот народ, се поместени две честитки на Јосип Броз Тито по повод илинденскиот јубилеј (1978, 1968 г.), како и фрагмент од говорот на Тито на свечената седница на Собранието на СРМ на 2 август 1969 година.

Централното место на публикацијата ѝ припаѓа на кратката студија на Христо Андонов Полјански: Илинден 1903.

Христо Андонов Полјански спаѓа во редот на врвните и најпродуктивните југословенски историографи. Тој е еден од најдобрите познавачи на поновата македонска историја, а особено на илинденската тематика. Оттаму и во неговата најнова пригодна студија Илинден 1903 пулсира неговата широка верзираност и ерудитивност.

Во неа, на 20-на страници авторот во синтетизирана форма го презентира македонскиот илинденски востанички чин. Притоа, авторот се осврнува на претпоставките, на генезата на националноослободителното движење, на прашањето за востание, на подготовките и текот на востанието. Посебен акцент става на Крушевската Република и нејзиното значење во поновата македонска историја. Натаму, се задржува на ширењето на востанието во другите делови на Македонија, на задушувањето на востанието и последиците, на востанието и дипломатијата, како и на одгласот на востанието во југословенската и светската јавност. На крајот, авторот посебно ги акцентира резултатите од Илинденското востание, како и илинденските револуционерни традиции.

Вака компонирана, со евидентен современ марксистички приод, најновата студија на Христо Андонов Полјански Илинден 1903 фрла вистинска светлина врз македонското илинденско надигање и неговиот одраз во НОВ и Социјалистичката револуција на македонскиот народ и народностите во рамките на Социјалистичката револуција на југословенските народи.

Кон студијата се приклучени неколку прилози (Крушевскиот манифест, Димо. Хаџи Димов: Во спомен на Г. Делчев, фрагмент од книгата на Лазар Колишевски: Аспекти на македонското прашање, како и прилози сврзани за револуционерните традиции во НОВ и Социјалистичката револуција). Публикацијата е илустрирана, главно, со фотографии од илинденска провениенција, меѓу кои и со фотографијата: Јосип Броз Тито пред гробот на Г. Делчев. Корицата е мошне ефектно илустрирана со познатата фреска на Борко Лазески: Илинден 1903. На крајот е предаден список на поважна литература за илинденскиот востанички чин.

Публикацијава се појави на македонски и на српскохрватски јазик, како и на 7-те светски јазици: англиски, руски, француски, германски, шпански, италијански и арапски. Со тоа достојно е одбележан големиот илинденски јубилеј.

Д. ДИМЕСКИ